Уп. бр. 08-108

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Аустротерм ГмбХ., со седиште на Петер Шмид-Гасе 1, 7423, Пинкафелд, Австрија, доставено преку адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 04.09.2024 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Аустротерм ГмбХ., со седиште на Петер Шмид-Гасе 1, 7423, Пинкафелд, Австрија ќе стекне единствена контрола врз друштвото Моноси-Сискевасиа АВЕЕ, со седиште на Вриссес Ватхеос Авлидос (70 км Национал роад Атхенс-Ламиа), 34100 Халкида, Грција, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 24.07.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Аустротерм ГмбХ., со седиште на Петер Шмид-Гасе 1, 7423, Пинкафелд, Австрија, со која Аустротерм ГмбХ. ќе стекне единствена контрола врз друштвото Моноси-Сискевасиа АВЕЕ, со седиште на Вриссес Ватхеос Авлидос (70 км Национал роад Атхенс-Ламиа), 34100 Халкида, Грција.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**-Аустротерм ГмбХ.** е главно активно во производството и продажбата на изолациски материјали изработени од експандиран полистирен (ЕПС) и екструдиран полистирен (КСПС) што се користат како материјали за изолација за згради, но со различни области на примена. Портфолиото на производи на Аустротерм е заокружено со фасадни профили и градежни табли за обложување подови и ѕидови.

Аустротерм ГмбХ е дел од Шмид Индустрихолдинг ГмбХ, Австрија ("ШИХ"). Преку своите поврзани друштва, ШИХ е активно во различни сектори, вклучително и екстракција на суровини (главно ископување варовник, талк); производство на цемент; материјали за градежната индустрија (како што се бои, монтажни производи, облоги, малтери, изолација, штуко, полнила, тула, цемент, бетонска индустрија); трговија, печки за складирање, рекламна индустрија и опрема за лов.

ШИХ има една подружница регистрирана во Северна Македонија друштвото - БАУМИТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Јадранска Магистрала 165, Скопје, Северна Македонија, со основна дејност – трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема.

**-Моноси -Сискевасиа АВЕЕ** е грчко друштво основано во 1997 година кое примарно се занимава со производство на производи од ЕПС, имено изолациски плочи и производи за пакување на храна и фармацевтски производи.

Во 2001 година, Моноси-Сискевасиа АВЕЕ се пресели во нов најсовремен објект на националниот пат Атина-Ламија. Тоа е првото друштво на кое познатото германско друштво БАСФ (BASF) му издадде налог за производство и маркетинг на иновативниот материјал НЕОПОР (NEOPOR) во 2003 година.

2001 година го означи почетокот на долгорочната инвестициска програма на Моноси-Сискевасиа АВЕЕ, која вклучуваше континуирани инвестиции во машинска опрема главно во секторот за пакување од 2007-2010 година и во областа на изолацијата од 2004-2007 година. Од 2014 до 2020 година е направена голема инвестиција со набавка на 2 роботски машини за сечење термоизолациски плочи како и уште една машина за производство на блокови за уште побрза услуга на клиентите на друштвото.

Моноси -Сискевасиа АВЕЕ нема претпријатија-ќерки, активности или приходи во Северна Македонија.

Предложената трансакција се однесува на пазарот за производство и продажба на изолациски материјали од ЕПС.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот

или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**